Или треба да размислуваме да овој центар се дооформи во смисол задоволување на потребите на постојните функции а новите јавни функции да ги лоцираме во поновите населби како "Сењаците", "Дузлак" каде што сеуште се присутни големи слободни и неизградени површини кои нудат и полесна реализација заради избегнување на експропријација.Ние сме за втората алтернатива.

Имајки ги во обзир и најновите толкувања на надлежните органи за максимално почитување на приватната сопственост при оваа измена и дополнување на ГУП даваме можност при измената и дополнувањето на ДУП за просторот во најстарото градско ткиво посебно во реон Центар а можеби најмногу за просторот од Текстилното училиште до Сутската зграда да се оди со нов **приод:** Да се даде можност на инвеститорите да во рамките на својата сопственост изградат објекти и до катност од П+4 комбинирано деловен-станбен простор со тоа што првите две или три основи, дабидат за гаражирање, паркирање и деловен простор а останатите висини станбен простор. Посебен акцент се дава да секој сопственик го реши паркирањето за потребите на својот сопствен објект во рамките на сопствената парцела.

Онаму пак каде станува звор за помали сопственички парцели и каде не би можеле да издвоиме оптимални димензии на ламели во рамките на сопственоста и понатаму ќе ја задржиме колективната градба на деловно станбени или станбено-деловни објекти но со помали спратни висини и се заради немање доволно простор за паркирање и гаражирање.

18. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЕН СИСТЕМ НА ГРАД ШТИП

18.12. Генерален опис за планираниот Сообраќаен Систем на гр. Штип до 2010 година

18.12.2. Примарна улична мрежа на град Штип по ГУП 2010 година

18.12.2.1 Градски магистрални улици 2010 година

ГРАДСКА МАГИСТРАЛА ГМ-1

Рбетот на градскиот уличен сообраќаен систем го чини градската магистрала ГМ-1 (види прилог "А"). Тоа е сегашниот коридор во продолжение на улиците "Железничка", "Гоце Делчев" и "Димитар Влахов". Започнува северозападно од градскиот центар при бифрукацијата на републичкиот магистрален пат М-5 на југ, кон Струмица како пат М-6 и на исток кон Кочани како М-5, односно на јазелот Штип-Велес-Кочани-Струмица. Минувајќи на југ од јазелот и западно од постојната железничка-товарна-патничка станица, ГМ-1 ја форсира индустриската зона и минува на левиот брег на река Брегалница. На просторот при постојната меѓумесна автобуска станица се спојува со втората по значај градска магистрала ГМ-2 формирајќи денивелирана раскрсница. Продолжувајќи на југ ГМ-1 со успон околу 6% навлегува во централното градско подрачје. Помеѓу црквата "Св. Архангел" и "Стар Конак" минува низ релативно тесен и густо изграден градски простор. Спојот со улица "Ванчо Прке" ја спојува ГМ-1 со sity-центарот. Продолжувајќи кон југ ГМ-1 оди со пад од околу 6% низ уште потесен коридор и со поголема обострана изграденост на просторот. Поминувајќи западно од црквата "Св.Никола" ГМ-1 се спојува со улицата "Маршал Тито" на десниот брег а со мост преку река Отиња и со улица "Генерал Михајло Апостолски", на левиот брег.

После црквата "Св. Никола", ГМ-1 се упатува на југозапад по јужната падина на ридот "Исар" стигнува до Ново Село и форсирајујќи ја река Отиња со кос мост, минува на левиот брег испод школото "Гоце Делчев" избива на лева обала на р. Брегалница. Заштитена со потпорен зид на левата обала (од р. Брегалница), ГМ-1 минува низ јужниот дел на Ново Село и навлегува во "Клисура" за да јужно од Градски гробишта, користејќи го коридорот на регионалниот пат Р 526 дојде до јужниот урбан кордон на град Штип, и јужно од мостот преку р. Брегалница, се спои со магистралниот пат М-6 кон Радовиш.

Главни ограничувачки фактори за брза изградба на ГМ-1 е потребата за рушење на градителското наследство на просторот од "Македонија пат" па се до влезот во "Клисура", како и изградба на нов мост-западно од сегашниот на р. Брегалница и р. Отиња.

(Делот на ГМ-1 (ул. "Гоце Делчев"-сега "Булевар Гоце Делчев" е реализиран на должина од околу 600м-од "Мал Одмор" до "Алумина"). Вкупна должина на ГМ-1 изнесува околу _____ м.

Сообраќајно значење на градската магистрала ГМ-1 во системот на примарната улична мрежа се состои во следното:

- Служи за далечинскиот изворно-целен сообраќај-директно поврзувајќи го системот на приамрната улична мрежа и Центарот на градот Штип со магистралните патишта:

  М-5 на север и северо-запад преку Велес

  М-5 на исток со Кочани и Р. Бугарија

  М-6 на југ со Радовиш-Струмица-Неготино-Кавадарци и западниот дел на Р.Македонија и на југо-исток преку преминот Ново Село кон Р. Бугарија.

- Во внатрешниот сообраќај се наоѓа на најоптоварениот правец на "и-ц" сообраќај на позиција "дом-работа", односно на докажаите во сообарќајната студија најинтензивни магнитуди во вршните часови на оптоварување по насока градски центар-север-северо-запад.
- По ГМ-1 се одвиваат сите линии на јавниот меѓумесен сообарќај кон север-исток-запад-југ,
- Посредно учествува во дистрибуција и на тратнзитни сообраќајни текови по насока Север-Плачковица и Југ-Плачковица, како и товарен сообраќај од Автотоварниот терминал "Нико Петрол".
- Според картограмот на сообраќајното отповарување денес, и во 2010 година е најоптоварената улица од приамрната мрежа.
- Со планираните раскрсници: "Стара бензинска станица", "Алумина", "Мал Одмор" и "Ванчо Прке" таа ќе претставува главен коридор и регулатор на сообраќајните потреби на градот до 2010 година.
- Особено значајна улига ГМ-1 треба да одигра за "приближување" на патничко-товарниот железнички сообраќај кон градскиот центар на Штип. Со својата дисспозиција западно од постојнаат зграда на железничката станица и со своето високо ниво на услуга, со правилно испланирана сообраќајна технологија, ГМ-1 има услови да овозможи натамошно отстојување и развој на железопатниот сообраќај на истата локација, но со современи и атрактивни технолошки решенија на железничкиот сообраќај, како и со урбанистички осмислен станичен плоштад помеѓу ГМ-1 и постојната зграда на железничката станица во Штип.

Градска магистрална улица ГМ-2

Втора по сообраќаен значај во системот на примарната улична мрежа во град Штип, е градската магистрална улица ГМ-2.

Сегашниот коридор на постојната булеварски решена улица "Партизанска" на делот од меѓумесната автобуска станица преку раскрсницата со ул. "Брегалничка", "Дујле" до ул. "Сремски фронт" претставува дефинитивно решение до 2010. На овој дел останува неизграден денивелираниот патен јазел со недоизгарденатa ГМ-1, но и да се доизгради до северниот кордон ("Баби").

Започнувајќи на крајниот северен дел на централното градско подрачје, ГМ-2 се протега кон север и клони кон северо-исток, поврзувајќи ги Штип со регионот на планина Плачковица по регионалниот пат Р 601. Протегајќи се од меѓумесната автобуска станица до северниот урбан кордон при населбата "Баби" ова примарна улица ГМ-2 го напуштта урбаниот простор продолжувајќи по регионалниот пат Р 601 кон Плачковица. Вкупна должина на ГМ-2 изнесува околу _____м.

Сообраќајниот значај на градската магистрална улица ГМ-2 во системот на примарната улична мрежа се огледа во следното:

- Служи за директно сообраќајно поврзување на Штип со регионите на североисток кон планината "Плачковица"
- По нејзе се одвива транзитниот дел на сообраќајот по насоките:

  Север - Плачковица и обратно

  Исток - Плачковица и обратно

  Југ - Плачковица и обратно
- Посредно ги поврзува (преку планираните собирни улици) новоизградените станбени населби од североисточниот урбан простор со законите за работа во северозападниот и просторот на централното градско подрачје.
- На нејзе се поврзуваат сите собирни улици од примарната мрежа од левиот и десниот брег на р.Брегалница како и ллевиот и десниот брег на р. Отиња.

(Сообраќајниот значај на магистралните улици ГМ-1 и ГМ-2 бил согледан и во постојниот концепт на примарната улична мрежа со ОУП на Штип од 1984 година, поради што, делумно се изградени и нивната дефинитивна изградба треба да продолжи во периодот кој следи до 2010 година).

Градска магистрална улица ГМ-3

За сообраќајно "оживување" на планираните функции на просторот ("Пребег" и "Мерите" на југ до "Рибнички чешми" и тој со регионалниот пат Р 526 кон Радовиш, а на североисток до спојот со магистралниот пат М-5 кон Кочани (низ планираните работни зони и тангирајќи ги планираните станбени населби) се протега, третата по важност, градска магистрална улица ГМ-3. По својата должина таа поврзува, исто така, важни улици (магистралната улица МГ-1 (кај стара бензинска пумпа) и повеќе собирни улици од десниот и левиот брег на реките Брегалница и Отиња.

Сообраќаен значај на градската магистрална улица ГМ-3 во системот на примарната улична мрежа на град Штип

- Делот од транзитниот сообраќај од север, исток и југ, индиректно, преку планираните собирни улици со артеријално значење, ги упатува кон регионот на Плачковица, без истиот да го оптоварува централното градско подарчје.
- Целиот планиран урбан простор директно го поврзува со далечинскиот изворно-целен сообраќај на северо-исток кон Р.Бугарија, на север индиректно, преку МГ-1 и М-5, а на југ, индиректно преку регионалниот пат Р 526 и магистралниот пат м-6 кон граничниот премин Ново Село за Р.Бугарија.
- Посебно место, значај и улога, оваа магистрална градска сообраќајница ќе има во реализација на новопланираните функции на овој урбан простор западно од централното градско подрачје, а на исток од постоечкиот магистрален пат М-6.

18.12.2.2. Градски собирни улици 2010 година

Градска собирна улица СУ-2

Прва според актуелниот сообраќаен тренд и голема преотповвареност по насока север-северозапад, северо-исток, посебно во "вршните часови" од внатрешните сообраќајни "пендел" тонови на позиција "дом-работа" е градската собирна улица со ознака СУ-2. Таа се протега по коридорот на постојните улици "Брегалничка"-"Карл Маркс"-"Вардарска" започнувајќи со "Т" раскрсница (површинска-самофоризирана) со ГМ-1 кај "Мал одмор". Пружајќи се на исток таа ја премостува р. Брегалница ("Камениот мост") и во продолжение се крстосува (со површинска-"проширена"-семафоризирана раскрсница "Дујле" со градската магистрална улица ГМ-2 ("Партизанска"), потоа со "проширена" т-коса рачва се вкрстува со собирната улица "Борис Кидрич" и продолжувајќи на исток завршува на планираната раскрсница СУ-2-СУ-1-СУ "Сутјеска".

Вкупната должина на СУ-2 изнесува _____м.

Сообраќајниот значај на СУ-2 се состои во следното:

- на сите станбени улици по својата должина, на потегот "Дујле"
- до ул. "Еврејска", овозможува сообраќајни токови за внатрешен, приградски, меѓумесен и далечински сообраќај по насока исток-запад, поврзувајќи ги преку себе со градските магистрални улици ГМ-2 и ГМ-1, како и со собирната улица "Борис Кидрич".

Градска собирна улица СУ-1

Планирањето на градската собирна улица СУ-1 произлегува од неопходноста да на овој простор постои градска улица која ќе ги "поврзе" двата изградени простори на левиот и десниот брег на р. Отиња-на крајниот источен дел од централното градско подрачје.

Оваа улица започнува со раскрсница помеѓу неа и собирната улица "Ген. Михајло Апостолски" во просторот кај Полициската станица во Штип, косо премостувајќи ја р.Отиња се во ниво со собирната улица "Христијан Т.Карпош" се упатува на север кон "Бело Брдо". Минувајќи низ субстандардни објекти (со делумно рушење) и форсиран успон (околу 12-14%) се спојува со површинска раскрсница со СУ-2, СУ-"Сутјеска". Во продолжение (по "Радански пат") се упатува на цеверо-исток и по постојната улица "Борис Крајгер" свртува на запад низ населбата "Сењак" каде се врстува (во ниво) со ГМ-2 ("Партизанска). Во продолжение на запад ја премостува р. Брегалница (во близина на локалитетот "Фортуна") и покрај постоечки бунари (стари), и во висина на ф-ка "Алумина" се спојува со ГМ-1. После оваа раскрсница, продолжува на запад низ населбата "Пребег", ја пресечува (раскрсница во ниво) ГМ-3 и во продолжение на погодно место, минува испод магистралниот пат М-6, (вон урбаниот простор).

Сообраќајниот значај на гардската собирна улица СУ-1 во системот на примарната улична мрежа на град Штип се состои во следното:

- Врши поврзување на соседните простори на дватабрега на реките Отиња и Брегалница.

- Создава реална можност за растоварување на строгиот центар на градот со можноста да по себе, односно по собирните улици, ги упати на север (и кон пазарот) интензивните токови на внатрешниот сообраќај на позиција "дом-работа".
- Овозможува директни врски за меѓуградски токови без оптоварување на строгиот центар, посебно кон север и кон северо-исток према МГ--1, МГ-2 и СУ-3.
- Со реализација на изградба на оваа СУ-1, ќе се почувствува значително растоварување на улиците: "Маршал Тито", "Борис Кидрич", "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојменски", "Еврејска" и "Ген.Михаило Апостолски" и други во централното градско подрачје ("Гоце Делчев" на делот црква "Св. Никола"-"Мал Одмор")
- По оваа улица, како и по останатите магистрални и собирни улици се планирани и линиите на јавни превозни средства за јавниот автобуски сообраќај.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 435

ГУП: за стопански комплекс „6-ти Километар“ Штип

Број: 17-3189/2 од25.04.2014 год.

Одлука бр: 0701--1493/1 од 16.09.2004 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

М= 1: 2500

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД УЕ:

СОДРЖИНА

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

Изготвил: арх.тех. Снежана Кордумова

Контролирал: диг. Силвана Николова

ГРАДОНАЧАЛНИК

Прим.М-р Илчо Захариев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *

ЗА ГРАДБА

БИЛАНС НА ПОВРШИНИ

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА ГУП ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС "6ти-КИЛОМЕТАР"

ГП — ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛИ

ГЛ — ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИИ

ЗГ — ЗОНА ЗА ГРАДБА

ЗЗ — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

К — КОРИДОР

H-max — МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ОБЈЕКТИТЕ

ТС — ТРАФОСТАНИЦА

Република Македонија
ОПШТИНА ШТИП
СОВЕТ НА ОПШТИНА
Бр. 0701-1493/1
16.9. 2004 год.
ШТИП

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
ОПШТИНА ШТИП

2. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2.1. Вовед

Стопанските комплекси претставуваат една од потенцијално најдинамичните форми на економски развој и промените во просторно урбаната структура.

Мини стопанските комплекси треба да значат и започнување на процесот на реструктуирање на просторот во Р Македонија. Се очекува со овие мини стопански комплекси да се решат најбитните проблеми во однос на странски инвестиции:

Трансфер на странска технологија, пристап кон странски пазари, конкурентни цени а притоа да се обезбеди заштита на домашната култура од влијанието на странскиот систем. Предностите на таквата политика се големи во однос на враќањето на довербата на странските партнери. При тоа ќе се обезбедат и голем број на вработувања на младите. Со планирањето на просторот, максимално се почитувани барањата на инвеститорот и на програмските задачи.

2.2. Граница на опфат

Границата на **макро** урбаниот опфат што е анализиран се движи јужно по границата на ГУП на град Штип,осовината на магистралниот пат М-6 делница што претставува јужна граница на комплексот, на север и исток граничи со индивидуални приватни парцели од атарот на село Лакавица. **Микро** опфатот на овај стопански комплекс се движи:Од источната страна по природниот канал (дол) за атмосверска вода.Од северната страна опфатот се движи по границите на катастерските парцели: катастерска парцела бр.1324 , по границата на катастерската парцела бр.1234 и по катастерска парцела бр.1320 а завршува нормално на новопректираната сервисна улица од западната страна. Од јужната страна опфатот ќе се движи по осовината на новопроектираниот магистрален пат М-6 делница Штип- Струмица.

2.3. Намена на површини

Површината за градба е наменета за одвивање на стопански дејности. Дозволена е изградба на магацини, складишта, комерцијални објекти и различни погони за преработка на земјоделски производи во зависност од технолошкиот процес.

2.4. Висински план

Висината на објектите е 9.0 м од нивото на тротоарот до завршниот венец на објектот.

2.5. План на парцелација

Комплексот се состои од повеќе катастарски парцели кои се групирани во една урбанистичка целина. Во рамките на границата на парцелата треба да се обрне внимание на партерното уредување на дворот во кој се јавуваат како содржини паркирање, уредување на влезната партија, зеленило и сл.
Оградите да бидат со мах. височина од 2.2 м, од кои 1.2 м како полна ограда, додека останатиот дел да е транспарентен.

2.6. План за површини за градба

Површината за градба е дадена така да ги задоволува процентот на изграденост на земјиштето и коефициентот на искористеност на земјиштето дадени во Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р М бр. 2/2002).

Парцелите што граничат со магистралниот пат зоната за градба е оддалечена од истиот 20.0 метри од безбедносни причини, према член 74 од Законот за јавни патишта.

Максимално дозволениот коефициент на искористеност на земјиштето за објекти и комплекси за индустрија и трговија изнесува до 3.0. Максимално дозволениот процент на изграденост на земјиштето за индустриски објекти изнесува 80%, додека со ГУП за овој стопански комплекс максималниот процент на изграденост изнесува 64%.

ГУП ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС "6ти километар"	НУМЕРАЦИЈА НА НОВИ ПАРЦЕЛИ 1 до 3		ПОВРШИНА НА УРБАНИОТ ОПФАТ НА ГУП 3.4 ха			
БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ИМА-НЕМА ИЗГРАД. ОБЈ.	ПОВРШ. НА ГРАД. ПАР. M^2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА M^2	%	Коеф. на искор.	Нмах. Кота на венец
1.	има	16109.80	12166.50	68.5	1.0	9.0
2.	нема	5607.59	2975.75	53	1.1	9.0
3.	нема	4766.89	2256.97	47.5	0.9	9.0

2.11. Водовод и канализација

Стопанскиот комплекс со санитарна и технолошка вода ќе се напојува од новопроектирани и изведени бунари од кој се снабдува и селото Лакавица.

Нивото на разработка на Генералниот Урбанистички план (недефинирани капацитети на планираните погони), не дава точни податоци за потрошувачка на вода. Ориентационо би можело да се посочи извесна величина на потребниот проток на вода: ако се земе во предвид дека во комплексот ке бидат вработени околу 20 лица, со норма на потрошувачка Q=180 л/ден/вработен, потрошувачката ќе биде Q=0.04 л/сек. За гасење на евентуален пожар ќе бидат потребни најмалку 10л/сек, согласно Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари, за објекти од категорија К3, К4 и К5.

Вкупното потребно количество на вода за довод би изнесувало Q =0.04+10.0=10.04 л/сек.

Поточни податоци за проточните количини ќе се утврдат со разработка на главниот проект на комплексот.

Одведувањето на фекалните отпадни води во прва фаза ќе се врши во собирен канал со минимален дијаметар ф=110 мм, лоциран во дворното место на објектите. Истиот ке биде приклучен на септичка водонепропусна јама, чија големина ке биде одредена со главниот проект.

Атмосферските води ќе бидат прифатени во попивателен бунар.

2.12. Електроенергетика и телефонија

Напојувањето на стопанскиот комплекс со електрична енергија ќе се врши преку една новоизградена трансформаторска станица ТС 35/10 кв со снага од 1х630КВА, која е димензионирана врз основа на претпоставена очекувана ангажирана едновремена снага. Истата е предвидена веднаш до пристапниот пат и до селото Лакавица

Средно напонското поврзување на новата трафостаница ќе биде изведено од постоечката столбна трафостаница и воздушен далекувод кој поминува блиску до стопанскиот комплекс.

Нисконапонското поврзување на објектите со ТС ќе биде изведено со подземни кабли. Во овој дел до сега нема обезбедено телефонски врски.

Со развојниот план на Телеком предвидени се телефонски врски и во овој дел на градот, а до нивно изведување објектите ке функционираат со мобилна телефонија.

3. ПАРАМАТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

3.1. Со овие параметри се определуваат условите и мерките за спроведување на ГУП за стопански комплекс, во непосредна близина на границата на урбаниот опфат на град Штип со ГУП план, а во к.о. Ново Село викано Битлија.

3.8. Оградите за производни комплекси се дозволени со височина од 2.2 м, од кои максимум 1.2 м како полна ограда, а останатиот дел е транспарентен.

3.9. Паркирањето на моторни возила се предвидува во рамките на градежната парцела, а под одредени услови, согласно член 74 и 76 од Законот за јавни патишта и во заштитниот појас на магистралниот пат.
Изградбата на паркинзи е обврска на самиот инвеститор.

3.10. Под комунални објекти и инсталации се подразбираат системите за водовод, канализација, електрична мрежа, ПТТ и сл.
Основните решенија на комуналните објекти и објекти во овој ГУПлан имаат информативен карактер, т.е. целта им е да укажат на концепциите на идниот развој.
Понатамошната реализација и дооформување на комуналните системи ќе продолжи да се одвива по пат на разработка на урбанистички проект.

3.11. Дозволена е етапна реализација на ГУПлан, така да секоја катастарска парцела може да се третира како урбанистичка парцела, при што изработката на урбанистичкиот проект за поодделна катастарска парцела да се применат стандардите и нормативите од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на РМ. бр. 2/2002).

3.12. Со донесување на овој план се сметаат за донесени и овие Параметри како негов составен дел. Во интерес на подобро спроведување на планот, во текот на неговата примена можат да се менуваат и надополнуваат овие параметри. При менување на планот мораат да бидат подложни на ревизија и овие параметри.
Параметрите влегуваат во сила со денот на донесувањето на планот.

3.13. Заради обезбедување на неопходни хигиено технички услови во објектите изградени согласно со прописите што важеле во времето на изградбата нема потреба од издавање на Урбани санациони мерки, затоа што објектите што ги уклопувам имат задоволувачки услови и ке користаат се до рализација на стопанскиот комплоекс во целост.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 436

ОПШТИНА ШТИП

Број: 17-3190/2 од24.04.2014 год.

ДУПД:Бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М6 м.в. Лакавица

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

Решение бр: 16-3705/2 од 15.02.2012год

Намена за градба: бензинска пумпна станица и услужен центар

Улица: магистрален пат Штип - Радовиш

КО: Штип- **КП:**

ДЛ: **М= 1: 1000**

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: арх.тех. Снежана Кордумова

Контролирал: диа. Силвана Николова

Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К

Прим.М-р Илчо Захариев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП

Штип - Радовиш А-II-503

ПРИКЛУЧЕН ЕЛЕКТРОВОД 10KV

ПРИКЛУЧЕН ТЕЛЕФОНСКИ ВОД

ИЗМЕСТУВАЊЕ НА ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ

ИЗМЕСТУВАЊЕ НА ДАЛЕКОВОД 10 KV

ПОСТОЕН Д

PE OD 90

Г.Г.П.

Г.Г.П.-РП

ГЛ

Е2

Г.П. 1.1

Е2 Г.П. 1.1 П Н max = 5м

Е2 Г.П. 1.1 П+2+Пк Н max = 12м

Д2

ЛАКАВИЦА

284 352 353 354 366 365 360

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП

ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ

ОДОБРЕНА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
Деловен број H2810 од 2012
Согласно решение бр. 16-3701/2 од 15.02.2012
Министер

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=5.09 ха.
- РЛ — РЕГУЛАЦИСКА ЛИНИЈА
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ — ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- УЛИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ
- ОСОВИНА НА УЛИЦА
- ПРОЕКЦИЈА НА ИДНО АВТОПАТСКО РЕШЕНИЕ
- ЛИНИЈА ЗАШТИТЕН ПОЈАС
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М5 (40м)

ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ

- Е — ИНФРАСТРУКТУРА
- Д — ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА

- Е2 — КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА-БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА
- Е2 — КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА-УСЛУЖЕН ЦЕНТАР
- Д2 — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

0 10 20 40 60 80 100м

М=1:1000

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП

ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

МАГИСТРАЛЕН ПАТ ШТИП-РАДОВИШ (М6)

А - А

Б - Б



i=1.9%
L=284.98m — ПОДОЛЖЕН НАГИБ НА СООБРАЌАЈНИЦА

306.70 — ВИСИНСКА КОТА

ЛЕГЕНДА ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

PE OD 90 — ПОСТОЕН ПОТИСЕН ЦЕВКОВОД ЗА СЕЛО ДОЛАНИ

ДАЛЕКУВОД 10 kV

ИЗМЕСТУВАЊЕ НА ДАЛЕКУВОД 10 kV

ПРИКЛУЧЕН ЕЛЕКТРОВОД 10 kV

ПРИКЛУЧЕН ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ

ИЗМЕСТУВАЊЕ НА ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ

СВЕТИЛКА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА И УСЛУЖЕН ЦЕНТАР НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М6 , м.в. ЛАКАВИЦА и м.в. ОСТРЕШ, КО ДРАГОЕВО, ОПШТИНА ШТИП

број на градежна парцела	група на класи на намени	класа на намена	компатибилни класи на намени на основната класа на намена	површина на градежна парцела $м^2$	утврден простор за градење на повеќе градби $м^2$	максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење $м^2$	вкупна изградена површина на сите спратови $м^2$	број на спратови	максимална височина на градбите до венец $м'$	процент на изграденост во однос на ГП 1.1 (%)	коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	паркирање
1,1	п	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА И УСЛУЖЕН ЦЕНТАР	не се утврдува	43.940,39	35.409,38	18.000,00	26.500,00	на дел П , а на дел П+2+Пк	од 5,00 до 12,00	40,96	0,60	со АУП

за градежната парцела да се изработи архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 Сл. в. на РМ бр: 51/05, 137/07, 91/09 и 124/10

се дозволува изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење

бројот на потребните паркинг места да биде во согласност со Правилниот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.в. На РМ бр. 142/10, член 59 и 61

6.1. Плански опфат

Државната урбанистичка планска документација за бензинска пумпна станица и услужен центар на магистралниот пат М6, м.в. Лакавица и м.в. Остреш, КО Драгоево, општина Штип, со површина од **5,09** ха е изработен за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е сопственост на Државата.

6.2. Регулациски линии

Регулациската линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена. Регулационата линија кон магистралниот пат М6 се поклопува со линијата на градежната парцела.

6.3. Градежни парцели

Во планскиот опфат е лоцирана 1 (една) градежна парцела – Г.П. 1.1. Линијата на градежната парцела кон магистралниот пат М6 се поклопува со регулациската линија.

6.4. Наменска употреба на земјиште

Со Државната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - Сл. весник на Р.М. бр.142/10, 64/11 и 98/11):

Инфраструктура - група на класа на намена Е;

- комунална супраструктура - класа на намена Е2
- бензиска пумпна станица и услужен центар

Зеленило - група на класа на намена Д;

- заштитно зеленило - класа на намена Д2

За сите содржини - градби во планскиот опфат, да се изработи Архитектонско - Урбанистички проект со Идејни решенија на градбите и градбите од инфрастуктурата, согласно важечките законски регулативи.

6.5. Градежни линии

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница во која градбата може да се гради. Во случајот, градежната линија е повлечена на 10,0м внатре од регулационата линија, односно на 20,0м од крајниот раб на патот и таа линија покажува од каде може да се градат градбите кои припаѓаат на бензинската пумпа.

6.6. Помошни градежни линии

Во планскиот опфат е користена помошна градежна линија за дефинирање на површината за градење на градбите кои се дел од услужниот центар. Помошната градежна линија е дефинирана на 30,0м од регулационата линија, а на 40м, од крајниот раб на патот и од таа линија покажува од каде можат да се градат градбите кои припаѓаат на услужниот центар.

Во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена и максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор.

6.7. .Површини за градење

На градежната парцела е утврден делот од градежната парцелата во која се предвидува градење на повеќе градби, поради што за градежната парцела треба да се изработи архитектонско-урбанистички проект.

Во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена и максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор.

6.8. Височина на градбите

Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената. За градбите на бензинската пумпа висината е ограничена до 5,00м, а за градбите на услужниот центар висината е ограничена до 12,00м .

За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 35^0.

Висината на приземна плоча (нулта плоча во однос на котата на тротоарот) и исто така условено од намента на градбата и ќе се утврди со архитектонско урбанистички проект, но нема да биде повисока од 1,20м.

Катноста на градбата на бензинската пумпна станица изнесува П, а на услужниот центар катноста е П=2+Пк.

6.9. Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со гра дба. Во случајот оваа величина се движи до 40,96% од граде жната парцела.

6.10. Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изгаденост на градежното земјиште. Истиот во опфатот се движи до 0,60 .

6.11. Инфраструктура

Планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура. Уличната мрежа, водовите за снабдување со вода, електрична енергија, како и електро-комуникациските водови се предвидуваат до градежната парцела. Исто така се предвидува канализациска инфраструктура за прифаќање на атмосферските и фекалните отпадни води, односно нивно водење до реципиентот. Сите водови се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. Под внатрешните улици (како можни пресечни точки) инфраструктурните водови да се водат во армиранобетонски канали или соодветни заштитни цевки со поголем дијаметар кој ќе овозможи интервенција на водовите.

Сончевата енергија може да се искористи преку употреба на Сончеви колектори.

Покрај инфраструктурните водови треба да се предвиди и простор за инфраструктурните градби. За инфраструктурните градби површината за градба ќе се дефинира со архитектонско-урбанистички проект. Локациите за инфраструктурните градби да се одберат врз база на максимално искористување на градежното земјиште и согласно важечките закони за оваа област.

Се предвидува посебна мрежа за улично осветлување. При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со современ дизајн, односно во склад со High-Tech архитектурата, која се очекува да се примени во овој простор.
Телефонските кабли да се постават во тротоарите на сообраќајниците.

Отпадните води се предвидува да се прифатат во канализациска мрежа, а од како ќе се изврши третман на истите ќе се испуштат во реципиентот. Тоа значи изградба на пречистителна станица во границите на планскиот опфат.

6.12. Елементи на обликување на градбите во градежната парцела

За сите градби да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-Tech материјали), со добри карактеристики. Градбите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација согласно Правилникот за енергетска ефикасност на градежните градби (Сл. в. на РМ бр: 143/08 и 154/09), како услов за заштеда на енергијата, како елемент од стратегијата за одржлив развој, а со цел заштита на животната средина (Агенда 21).

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

7. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата. На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба значително ги диктира планските решенија за сообраќајниците, за фекалните и атмосферските инфраструктурни водови, како и за електричната и електронско-комуникациската инфраструктура, кои се во директна зависност од уличната мрежа, поред која се водат. Водењето на инфраструктурата да биде во инфраструктурни коридори.

7.1. Сообраќајна инфраструктура

7.1.1. Сообраќајно поврзување

Подрачјето на планскиот опфат што е предмет на оваа ДУПД-ја се наоѓа на магистрален патен правец М-6, јужен коловоз,правец Штип - Радовиш, к.о. Драгоево, м.в. Лакавица и м.в. Остреш, ОПШТИНА ШТИП, од десна страна и опфаќа површина од ха. Со оваа планска документација во планскиот опфат се предвидува за градба Бензинска пумпна станица и услужен центар. Опфатот(локалитетот) е поставен на цца 6,50км од градот Штип кон градот Радовиш. Бензинската пумпна станица и услужниот центар се наменети за опслужување на возилата и патниците кои се движат од Штип кон Радовиш.

7.1.2. Сообраќаен план

Пристапот во планскиот опфат-комплексот е планиран преку дополнителна лента со ш=3,50м за исклучување(успорување) од постојниот коловоз на М-6. Излезот од комплексот е планиран преку дополнителна лента со ш=3,50 за вклучување (забрзување) во постојниот коловоз на М-6. Димензионирањето на должините на лентите за исклучување и вклучување е дадено во прилог.

Сообраќајниот профил на предниот потег од М-6 е со следна структура:

Пресек А-А

коловоз	6,50м`
банкини	2x1,00=2,00м`
Вкупно:	8,50м`

На потегот на влезно – излезните партии е планирано проширување со дополнителни ленти за исклучување и вклучување со што сообраќајниот профил ќе биде со следна структура:

Пресек Б-Б

коловоз	6,50+3,50=10,00м`
банкини	2x1,00=2,00м`
Вкупно:	12,00м`

Сите елементи во хоризонтала се димензионирани според Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/2008) и презентирани во графичкиот прилог Сообраќаен и Нивелмански план.

- Димензионирање на сообраќајни (коловозни) ленти за исклучување (успорување) и вклучување (забрзување)

1. Додатни ленти за исклучување и вклучување

Vr = 80km/caps
Vr' = 0,8 Vr = 64km/cas
Vr''= 40 km/cas

d = 1,5 m/sek²
t = 3 sec

– должина на додатни ленти за исклучување (успорување)

$$Ld = \frac{Vr'^2 - Vr''^2}{26 \times d} = \frac{64^2 - 40^2}{26 \times 1,5} = \frac{2496}{39} = 64,00 \text{ м'}$$

Усвоено Ld = 65 m'

– должина на клин

$$Lc = \frac{t \times Vr'}{3,6} = \frac{3 \times 64}{3,6} = 53,33$$

Усвоено Lc = 55,00 m'

– вкупна должина на додатни ленти за исклучување

L = Ld + Lc = 65 + 55 = 120,00 m'

2. Додатни ленти за влучување (забрзување)

Vr = 80km/cas
Vr' = 0,8 Vr = 64km/cas
Vr''= 40 km/cas

a = 1 m/sek²
t = 3 sec

– Должина на додатни ленти за вклучување (забрзување)

$$La = \frac{Vr'^2 - Vr''^2}{26 \times a} = \frac{64^2 - 40^2}{26 \times 1} = \frac{2496}{26} = 96,00 \text{ м'}$$

Усвоено La = 95,00 m'

– Должина на клин

$$Lc = \frac{t \times Vr'}{3,6} = \frac{3 \times 64}{3,6} = 53,33$$

Усвоено Lc = 55,00 m'

– Вкупна должина на додатна лента за вклучување (забрзување)

L = La+ Lc = 95+55 = 150,00 m

Хоризонталната поставка со елементи на хоризонтално решение : влезна и излезна партија, ленти за исклучување и вклучување, сообраќаен профил на М-6, радиуси на хоризонтални кривини и др. се презентирани во графичкиот прилог "сообраќаен и нивелациски план".

Вкупна должина во опфатот по М-6 изнесува 1095,65м'.

7.1.3. Стационарен сообраќај - паркирање

Стационарниот сообраќај- паркирање на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела во следна фаза со изработка на Архитектонско-урбанистички проект , а во се според нормативите и стандардите дадени во Чл.59 и Чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/10, 64/11 и 98/11).

7.1.4. Нивелациски план

Со нивелманскиот план е даден постојниот надолжен наклон по М-6 во зоната на опфатот кој се движи од 0,63% до 3,43%, додека во домен на градежната парцела 1,23%. На краците за поврзување на градежната парцела со М-6 падот е 4,0%.На влезно излезните партии се дадени висински коти на приклучување во постоен коловоз. Вертикално решение на сообраќајни површини во склоп на парцела е оставено да се реши во следна фаза архитектонско-урбанистички проект, а водејќи сметка на постојната поставка на М-6 како и постојниот терен.

7.2. Водостопанска инфраструктура

Предметната локација на која се предвидува изградба на бензиска пумпна станица и услужен центар припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) "Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната "Калиманци" до нејзиниот влив во река Вардар, со десните притоки Оризарска, Злетовска, Св. Николска и левите притоки Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.

7.2.1. Водоснабдување

Во границите на планскиот опфат на бензинската пумпна станица и услужниот центар се предвидува изградба на две водоснабдителни мрежи: за санитарна и за техничка вода.

Цевководот кој поминува во близина на планскиот опфат кон селото Долани нема капацитет и за водоснабдување на бензиската пумпа (мислење од ЈП "Исар") поради што потребните количини ќе бидат обезбедени од бунари. Изградбата на бунарите ќе се изврши врз основа на хидрогеолошки истражни работи со кои ќе се утврди капацитетот и квалитетот на подземните води.

Од санитарната во доснабдителна мре жа ќе се обез беди санитар но хигиенски исправна вода за мотелот, ресторанот, автокампот и други градби, како и за ППЗ заштита.

Од техничката водоснабдителна мрежа ќе се обезбеди вода за одржување на комуналната хигиена - за зеленилото, уличната мрежа, паркиралиштата, автосервисот, сервисот за миење возила, вулканизерот и др објекти .

Потребните количини на вода ќе бидат дефинирани со архитектонско - урбанистички проект со кој ќе биде дефинирана и намената и површините на градбите

7.2.2. Одведување на отпадни води

Во границите на планскиот опфат се предвидува изградба на сепарациона канализациона мрежа - фекална и атмосферска.

Фекалните отпадни води пред да се испуштат во реципиентот: Крива Лакавица ќе бидат подложени на третман во пречистителна станица, чија местоположба и капацитет ќе се дефинира со архитектонско - урбанистички проект.

Атмосферските води ќе бидат испуштени во најблиската река: Крива Лакавица. Пред да се испуштат во реципиентот ќе бидат третирани во маслофаќач.

7.3. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

7.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура

Со оваа Државна урбанистичка планска документација на градежна парцела се предвидува површина наменета за бензиска пумпна станица и услужен центар. За вкупна изградена површина по сите спратови од 26.500,00м^2 и утврдениот норматив од 3VA/м2 градежна површина, се добива вкупно:

26.500,00 м2 x 3 VA/ м2 = 79,5 kVA

Планскиот опфат, кој преставува една градежна парцела, ќе се разработи со Архитектонско урбанистички проект и идејни проекти на градби и идејни проекти за комуналната инфраструктура.

Приклучна точка за корисниците од бензиската станица треба да се дефинира во согласност со компанија која е лиценцирана за снабдување со електрична енергија, со барање кое треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се: напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, и сл. односно податоци кои во ова фаза на изработка на Државната урбанистичка планска документација не се дефинирани.

За приклучна точка на електричните потрошувачи од бензиската станица најблизу до ова локација се 10kV далноводите кои се во непосредна близина на локацијата и се приклучени во ТС 35/10kV Лакавица.

7.3.2. Телекомуникациска инфраструктура

За бензиската пумпна станица со услужен центар од Македонски Телекомуникации, Сектор за развој на фиксна и пристапна мрежа побарана е приклучна точка за 6-10 фиксни телефонски линии. Преку овие дирекни телефонски линии ќе се обезбеди сета комуникација на корисниците од ова Државната урбанистичка планска документација.

Телекомуникациската инфраструктура е интегрален дел од останатата инфраструктура која што ќе биде разработена со Архитектонско урбанистички проекти и идејни проекти на градби и идејни проекти за комунална инфраструктура.

Веднаш до магистралниот пат М6 Штип-Радовиш минува оптички кабел од кој може да се приклучат телефонските корисници на бензиската станица. Доколку се утврди дека постојните телефонски кабли се пречка при реализација на објектите, истите треба да бидат дислоцирани.

7.3.3. Јавно осветлување

Првенствена и најважна задача на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Крајниот квалитет на некоја инсталација за јавно осветлување, зависи воглавно од неколку елементи кои можат да се поделат во три групи:

- Елементи кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширина на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на извор на светлоста и врста на распоред на изворот на светлост;
- Елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на крива на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост;
- Елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз.

За осветлување на приклучната сообраќајна патека предвидени се висококвалитетни и штедливи светилки кои ќе ги задоволуват горенаведените барања.

За јавно осветлување на бензиската пумпна станица со услужен центар и пристапните сообраќајници потребно е да се изработи архитектонско урбанистички проект и идеен проект за градби и комунална инфраструктура.

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА

8.1. Мерки за заштита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и Државна урбанистичка планска документација се врши според заштитно-конзерваторски основи Согласно Чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 20/04, 115/07, 18/11) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 111/05).

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) во просторните и Државна урбанистичка планска документацијаови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Анализата на недвижното културно наследство е направена врз основа Условите за планирање произлезени од Просторниот план на Р.М.

По писменото обраќање, до Министерсво за култура - Управа за заштита на културното наследство е добиен одговор со писмо бр: 08-2481/2, од 20.10.2010год. со кое не известуваат дека во рамките на планскиот опфат и во непосредно надвор од него лежат два археолошки локалитети и тоа: "Дива топола" идентификуван како наслеба од доцната антика и "Кутлевец" населба од римскиот период.

При отпочнување на земјаните работи да биде обезбеден континуиран надзор од страна на стручно лице-археолог од надлежната установа за заштита, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј на Штип. Доколку бидат констатирани археолошки содржини да се овозможи спроведување на сите потребни мерки. Инвеститорот е должен да обезбеди финансски средства ќе ги покријат сите потребни мерки за заштита.

Писмото е прилог кон документациската основа.

8.2. Заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи орґанизми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меґусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луґето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат **заштитни мерки по настанатиот проблем,** што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, **превентивната заштита** на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11). Основна цел на Законот за

животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07, бр.35/10 и бр.47/11);
- Закон за води (Сл.в. нА РМ, бр.4/98; и Сл.в. нА РМ, бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09, бр.83/10 и бр.51/11);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. нА РМ бр.79/07, бр.124/10 и бр.47/11);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.71/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.143/08, бр.124/10 и бр.51/11);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, бр.35/10 и бр.47/11) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметната урбанистичко планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М 6, м.в. "Лакавица и Остреш", КО Драгоево, Општина Штип.

8.2.1. Заштита на почвата

При изградбата на бензинската пумпна станица и услужниот центар да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и евентуално присутните подземни води. При реализација на активностите на терен да се избегне губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Механичкиот притисок врз почвата во фазата на изградба, поради употребата на тешка механизација, ќе предизвика набивање и компактирање на површинскиот слој на почвата, особено ако почвата е влажна. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието се оценува како краткотрајно.

Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва.

8.2.2. Мерки за управување со отпад

По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општините Штип и Радовиш на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 76.040 жители, од кои 41.9% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Процесот на урбанизација веќе се одвива, а и во наредниот период ќе се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој.

Условите се работат за проект за надворешна инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш и неговата изградба би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија:

- децентрализиран, рамномерно територијално распределен развој на целата територија,
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;
- стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните градски центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- интензивирање на позитивните форми на трансформација и социо-економски развој на селото преку оптималното искористување на ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, во согласност со современите принципи на пазарното стопанство;
- зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост, со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност;
- зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната сообраќајна

инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво.

Просторниот план се залага за концепт на интегрален и полифункционалниот пристап во **организација и уредување на руралните простори**, како појдовна основа за развој и унапредување на квалитетот на живеењето, при што приоритетна задача претставува **целосното активирање на расположивите потенцијали**, релевантни за развој на стопанството, кои ќе бидат искористени за создавање на систем за ефикасно организирано пазарно стопанисување.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава Просторниот план, за комплекси од ваков тип треба да се почитува:

- избор и распоред на активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;
- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
    - бесправната градба;
    - стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
    - заштита на создаденото и природното богатство;
    - насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила.

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш, е во функција на концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој и **подобра инфраструктурна опременост во овој регион**.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институ-ционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга;

Концепцијата на организација на јавните функции се надополнува и усогласува со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции и пракасата на организирање и финансирање на овие дејности. Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации ќе бидат значајни за организирање на јавните функции во одделни подрачја.

Предложената траса за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовишво поголем дел е надвор од урбаните опфати на населбите и на тој дел од трасата нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт. Дел од трасата која поминува низ населените места или ги тангира нивните урбани опфати доколку е во непосредна близина на локации со намена за јавни функции, (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), да се почитува заштитниот појас на патот согласно важечката законска регулатива.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Со плански и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува во периодот до 2020 г. да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Р. Македонија за дисперзија на

индустријата во периодот до 2020 год. и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив локален развој.

Сообраќај и врски

Основата за планирање и развој на патната мрежа на Република Македонија се базира на одредбите за категоризација на патиштата, на стратешки дефинираните меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој. Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е,-75, Е-850, Е-871.**

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-6** - (БГ - Ново Село - Струмица - Радовиш - Штип - М-5; Крак: Струмица - М-1)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А4** - (Граница со Косово - граничен премин Блаце - крстосница Стенковец - обиколница Скопје - Петровец - Миладиновци - Свети Николе - **Штип - Радовиш** - Струмица - граница со Бугарија - граничен премин Ново Село)

Условите се работат за проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш. Должината на патот изнесува 38,178 км.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантни регионални патни правци за предметната локација Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) се:

- **Р-107** - (Лакавица-врска со М-6-Неготино-Дреново-врска со Р-106)
- **Р-526** - (Врска со М-5-Ново Село-Штип-Кадрифаково-врска со М-5-Крива Круша-врска со М-5-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р-106)
- **Р-602** - (Врска со М-6-Раброво-Дојран-граница со Р. Грција-крак за Вељуса)
- **Р-606** - (Радовиш-врска со М-6-Конче-врска со Р-602)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овие регионални патни правци влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1 и Р2"** и се преименуваат со ознаката:

- **Р1103 (Р-107)** - (Лакавица-врска со А4-Неготино-врска со А1-Кавадарци-Дреново-врска со А1)
- **Р1204 (Р-526)** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4)
- **Р2433 (Р-602 и Р-606)** - (Радовиш-врска со А4-Конче-Загорци-Лесковица-врска со Р1103-Селце-Софилари-врска со А4)
- **Р1403** - (Врска со А4-Радовиш-Владиевци-Василево-Струмица-врска со А4)

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.39/14 и бр.42/14).

Примарната ***аеродромска мрежа*** во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје треба да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната полетнослетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки. Планираниот аеродром во Струмица е во близина на с.Босилово.

Телефонска инфраструктура

АД "Т-Home" и останатите оператори за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонските централи во Штип и Радовиш.

Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т- Мобиле, ОНЕ и ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени се со сигнал на мобилна телефонија на трите компании.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело

да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

При изградбата на државниот пат, посебно влијание врз животната средина ќе има загубата или промената на вегетациската структура во непосредната околина на трасата на патот заради задоволување на техничките елементи од проектирањето на истиот. Минирањето на земјиштето и употребата на градежна опрема ќе предизвикаат зголемено ниво на бучава, опасност од емисија на голема количина на цврсти честици во атмосферата и зголемување на количината на нанос во речните корита во непосредна близина на трасата. При работата на терен постои голема веројатност од зголемување на концентрацијата на цврсти честици и штетни материи во воздухот. Проценките укажуваат на повисоки концентрации на штетни материи во почвата на растојание од околу 10 m од трасата на патот, поради емисијата на штетни материи од подвижните извори и нивната брза седиментација во почвената средина.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите;
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата на патот, со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина;
- Трасата на државниот пат се пресекува со река Брегалница, која согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;

- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Проектот за инфраструктура треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13 и 41/14) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Службен весник на РМ, бр.39/04) во близина на трасата која е предмет на разработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш, има предложен за заштита споменик на природата:

МОЧАРНИК СП (споменик на природата-предлог)

Локалитетот се наоѓа во Длабока Река, северно од селото Шопур. Истиот претставува геолошки профил на кластично-карбонатни седименти богати со

маринска фауна-амонити, школки, полжави и др. Фауната е карактеристична за албски кат од долна јура и ценомански кат од горна јура.

Заради разновидната фосилна фауна од долна и горна креда, како ретко наоѓалиште во нашата земја, локалитетот има значаен статус за научно истражувачка дејност и едукација во доменот на стратиграфијата, палеонтологијата и палеологијата.

Локалитетот не е загрозен во досегашниот период, а треба да се респектира во случај на изградба на патишта на подрачјето.

Меѓународен статус според Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN): III категорија и *режим на заштита*: 1.

При реализација на предвидените содржини во просторот да се утврди евентуално негативно влијание врз природното наследство во непосредната околина. Доколку се утврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13 и 41/14), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Доколку при изработка на Проектот за инфраструктура или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно-историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и

просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните населби** и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа регистрирани се недвижни културни добра (Екпертен елаборат):

1. *Тврдина "Исар", Штип, среден век;*
2. *Безистен, Штип, 16-17 век;*
3. *Мост на река Брегалница (Султан Ќучук Емир), Штип, турски период;*
4. *Саат кула, ул."Кирил и Методиј" бр.70, К.П.7989, Штип, турски период;*
5. *Хусамедин - паша џамија, Штип, 17 век;*
6. *Црква Св. Троица, Штип, 1922-25 год.;*
7. *Црква Св.Архангел Главатов, Штип, 14 век;*
8. *Црква Св.Архангел Михаил (Фитија), Штип, 14 век;*
9. *Црква Св.Јован, Штип, 1350 год.;*
10. *Црква Св.Никола, Штип, 1867 год.;*
11. *Црква Св.Спас, Штип, 1369 год.;*
12. *Митрополија, ул.'Тошо Арсов" бр.3, Штип;*
13. *Магаза, ул.'Иво Рибар Лола" бр.54, Штип;*
14. *Црква Св.Троица, градска некрополa, Штип.*
15. *Црква Св.Илија, Радовиш, 19 век;*
16. *Тврдина, Радовиш, среден век;*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

- **КО Штип** - *Астибо - Стар Конак,* населба од римско време, општо мислење дека локацијата на Астибо треба да се бара на Брегалница и во околината на Штип, како појдовни елементи биле земени археолошки траги и денешно растојание меѓу Штип и Стоби; *Бабите,* тумули од железно време, се наоѓа на околу 600 м северно од новата населба Баби, на

десната страна од патот Штип-Стар Караорман; *Исар,* средновековна тврдина, се наоѓа во западниот дел на градот, на западната страна со коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња; *Кемер,* аквадукт од римско време, се наоѓа во коритото на реката Отиња, на околу 500 м североисточно од градот; *Св.Арџангел Главатов,* средновековна црква, се наоѓа во маалото Стар Конак; *Св.Арџангел Михаил(Фитија),* средновековна црква со некропола, се наоѓа во долниот дел на падините на ридот Исар; *Св.Василиј,* средновековна црква, се наоѓа на северната страна во подножјето на Исар; *Св.Илија,* средновековна црква, се наоѓа на левата страна од градот; *Св.Јован Крстител,* средновековна црква, се наоѓа на јужната падина на Исар, десно од крилото на Отиња, пред влезот на Ново Село; *Трговски центар,* рудник од римско време, се наоѓа во централниот дел на градот, од десната страна на реката Отиња; *Тузлија,* некропола од римско време, се наоѓа во непосредна близина на Стар Конак на падините што се спушта кон коритото на Брегалница;

- **КО Софилари** - *Поле,* населба од доцноантичко време, лежи на големата рамнина со благ пад на источната страна, пред влезотво селото; *Црквиште,* вила рустика од доцноантичко време, се наоѓа на левиот брег на Брегалница, западно од зградите на задругата "Братство";
- **КО Драгоево** - *Градиште,* утврдување од доцноантичко време, се наоѓа на 3.5 км јужно до селото; *Селски гробишта,* средновековна црква со некропола, се наоѓа на источниот раб на селото; *Ташли Трла,* населба од доцноантичко време, се наоѓа југоисточно од селото, на падините на Серта;
- **КО Долани** - *Дива Топола,* населба од доцноантичко време, се наоѓа помеѓу 10-тиот и 11-тиот километар на патот Штип-Струмица; *Ерџелија,* населба од доцноантичко време, се наоѓа во непосредна близина на локалитетот Кале-Градиште; *Јеребичова Вода,* водовод од доцноантичко време, се наоѓа на 400 м источно од селото; *Кале - Градиште,* утврдена населба од доцноантичко време, се наоѓа на 1.5 км јужно од селото; *Кутлевац,* населба од римско време, се наоѓа на 12-тиот километар од двете страни на патот Штип-Радовиш, на десниот брег на реката Лакавица; *Рамниште,* населба од римско време, се наоѓа на околу 100 м јужно од селото; *Ќерамидница,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на 1.5 км од патот Штип-Радовиш, на големата рамнина долга 500 м и широка 30 м, која лежи на левиот брег на реката Лакавица; *Чука,* населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на зарамнета тераса на левиот брег на раката Лакавица, оддалечена 1 км десно од патот Штип-Радовиш, со површина од околу 2 хектара;
- **КО Селце** - *Јарма,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на околу 700 м северно од селото, во подножјето на ридот Страна; *Тумба,* могила од римско време, се наоѓа на јужниот крај од месноста Јарма, оддалеченост од селото на 250-300 м;
- **КО Лакавица** - нема;
- **КО Суво Грло** - нема;
- **КО Лесковица** - *Бунар,* населба од доцноантичко време, се наоѓа североисточно од селото, на левата страна на реката Лакавица; *Голема Нива,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на 2.5 км источно од селото; *Дабјата,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на падините на Серта на околу 1 км југоисточно од селото; *Дворот на Божин Николов,* населба од доцноантичко време, се наоѓаат остатоци од фрагменти од

керамички садови и др. во дворот на Николов ; *Сопот-Карабурн,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на 2.5 км од селото; *Стари Гробишта,* средновековна црква со некропола, се наоѓа на западниот крај на селото; *Суни Чешма,* гроб од римско време, се наоѓа јужно од локалитетот Дабјата;

- **КО Ново Село(Штип)** - *Калимерово,* населба од доцноантичко време, се наоѓа десно од коритото на Брегалница; *Марков Камен,* некропола од хелинистичко време, се наоѓа хад градските гробишта; *Орлов Дол,* каптажа и водовод од римско време, се наоѓа над црквата Св.Спас на 150 м југоисточно; *Паскова Чешма,* осамен наод од римско време; *Црква Св.Спас,* средновековна црква со некропола, се наоѓа на левата страна на реката Отиња, на 100 м ос Ново Село;
- **КО Брест** - *Крундулов Дол,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на 1.5 км источно од селото; *Плоча ,* средновековно градиште, се наоѓа на патот Штип-Радовиш од десна страна; *Црква Св.Пантелеј,* средновековна црква, се наоѓа јужно од патот Штип-Радовиш, покрај патот за селото; *Шумнати Рид,* викус од доцноантичко време, се наоѓа 1 км северозападно од селото и десно од селскиот пат;
- **КО Дамјан** - *Грамади,* населба од доцноантичко време и среден век, се наоѓа на околу 500 м североисточно од селото; *Јасен,* населба од доцниот среден век, се наоѓа на околу 7-8 км северозападно од селото, на десната страна од патот Радовиш-Штип; *Канли Чаир-Бојковци,* населба од неолитско време, се наоѓа северозападно од селото, во долината на реката Тополница, опкружена со рудните масиви на Дамјан и Бучим; *Маденска Река,* населба од доцноантичко време, се наоѓа во непосредна близина на рудникот Дамјан; *Марчово,* населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа во близина на рудникот Дамјан, на околу 2 км западно од селото; *Оградѓе,* населба од доцноантичко време и среден век, се наоѓа непосредно до селото; *Османова Ритка,* средновековен сакрален објект, се наоѓа на 1 км југоисточно од селото; *Падарница,* тумул од железно време, се наоѓа на 200 м северозападно од селото; *Стар Манастир,* утврдена рударска населба од железно и доцноантичко време, лежи на падините од ридот кој на север се спушта до коритото на Тополничка Река; *Сурим Врчва,* средновековен сакрален објект, се наоѓа на 5 км југозападно од селото; *Турски Гробишта,* доцноантичка некропола, се наоѓа на околу 600 м северно од селото, во непосредна близина на локалитетот Грамади; *Црквиште,* средновековна некропола, се наоѓа во непосредна близина на селото;
- **КО Тополница** - *Добилица,* могила од римско време, се наоѓа на околу 500 м јужно од селото; *Кавакли,* средновековна населба, се наоѓа на 1.5 км југоисточно од селото, во близина на турските гробишта; *Мемемделар,* средновековна населба, се наоѓа на јужната периферија на селото, во десната страна на есерото Бабедере; *Серимеште,* тумул од железно време, се наоѓа на 1.5 км југоисточно од селото;
- **КО Иљево** - *Голема Тумба,* тумул од железно време, се наоѓа на околу 1.5 км источно од селото; *Грамади,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на обработлива површина на 2 км јужно од селото; *Мала Тумба,* тумул од железно време, се наоѓа на 1 км североисточно ос селото, северно од локалитетот Меѓите; *Меѓите,* населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 500м источно од селото; *Селиште,* населба од римско време, се наоѓа на 200м западно од селото, на левата и десната страна од

селскиот пат Горовска Чешма; *Селиште II,* средновековна црква и некропола, се наоѓа на 300м западно од селото;

- **КО Прналија** - нема;
- **КО Радовиш -** *Градска Корија,* тулум од железно време, на 4 км. северозападно од Радовиш; *Исарот-Кале,* средновековно кале, на 3 км. северозападно од Радовиш; *Кукленица,* средновековна населба,на југоисточна периферија на градот; *Турски Гробишта- Теќето,* средновековна некропола, на влезот од Радовиш, во реонот на расадникот;

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот *локалитет со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- Планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- Измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 70/13 - пречистен текст и 55/13, 163/13, 42/14-измена и дополна), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае како врз вкупната економија и развојот на одредена

средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја обавува дејноста. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат и нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Трасата на предвидениот државен пат А4, делница Штип - Радовиш, припаѓа на два туристички региони и тоа: Брегалнички туристички регион со 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и Струмичко - Радовишки туристички регион со 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Заштита од воени разурнувања: Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Законот за одбрана (Службен весник на РМ, број.185/11 - пречистен текст), Законот заштита и спасување (Службен весник на РМ, број.93/12 - пречистен текст и број.41/14) и Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, број.29/05, 36/11 и 41/14), просторот за кој се наменети Условите за планирање за изработка на **Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш и се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно Законот заштита и спасување (Службен весник на РМ, број. 93/12 - пречистен текст и број.41/14) **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.** Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти и тоа:

- Законот за одбрана (Службен весник на РМ, број.185/11 - пречистен текст);
- Законот заштита и спасување (Службен весник на РМ, број.93/12 - пречистен текст и број.41/14);
- Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, број.29/05, 36/11 и 41/14).

***Заштита од природни катастрофи* - Сеизмичките појави-земјотресите** се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања.

Анализираното подрачје за кое се наменети Условите за планирање на просторот се наоѓа во зона до **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи.

Од останатите **метеоролошки појави** со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетација.

Заштита од пожари-За успешно функционирање на **заштитата од други несреќи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се превземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на пожарите.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, **локацијата во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарните единици од околните населени места.**

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ, број.93/12 - пречистен текст) кој е во согласност со директивите на Европска Унија, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Заштита од техничко технолоши катастрофи: Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- **државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);**
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и на подрачјата од посебен интерес, просторните планови на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови и проекти, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанство-то, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш. Должината на патот изнесува 38,178 км.

Трасата на патот:

- **Го тангира планскиот опфат на ГУП Штип за кој се изработени Услови за планирање со технички број У04013.**

Се сече со трасите на инфраструктурните објекти за кои се изработени:

- **Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за изградба на фарма на ветерници Штип, во општините Штип, Радовиш и Карбинци со техн. бр У11609.**
- **Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 3: Штип-Радовиш-Хамзали Карбинци со техн. бр У20811.**
- **Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за јавно осветлување на клучката Радовиш и клучката Ињево на магистралниот патен правец А4 и регионалниот патен правец Р1310, КО Радовиш, општина Радовиш**

Поминува покрај плански опфати за кои се изработени:

- **Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за изградба на технолошко индустриска развојна зона - ТИРЗ на м.в. "Долна Рудина", КО Радовиш, општина Радовиш, со технички број У22411.**
- **Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за бензинска пумпна станица и услужен центар, м.в. Лакавица и м.в. Остреш, на дел од КП 360, КО Драгоево, општина Штип со технички број У29510.**
- **услови за планирање за изработка на УПВНМ КО Радовиш, за стопански комплекс, општина Радовиш со технички број У03306.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.

